РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ
Број 07 - 758/1
09.04 2013 год
Скопје

КОМИСИЈАТА ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФАКТИТЕ, постапувајќи по службена должност за лицето Јован Трпеновски од Скопје, согласно член 2 став 1, член 3 точка 16, член 10,член 18 став 6 и член 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012), и согласно член 212 став 2 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ" бр.38/05) на седницата одржана на ден 09.04.2013 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**

СЕ УТВРДУВА дека службеното лице - Секретар за внатрешни работи при Владата на РМ и Основен јавен обвинител во Охрид , Јован Трпеновски ЕМБГ 2311935450082, роден на 23.11.1935 година бил наредбодател во смисла на Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 86/2012).

## ***Образложение***

За Јован Трпеновски, лице кое било носител на јавна функција- Секретар за внатрешни работи при Владата на РМ и Основен јавен обвинител во Охрид, Комисијата за верификација на фактите согласно член 14 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност,по службена должност поведе постапка за утврдување соработка со органите на државната безбедност во периодот определен во Законот за определување услов за ограничување за вршење на јавна функција,

пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност.

Во постапката за верификација на фактите Комисијата утврди дека за лицето Јован Трпеновски во Државниот архив на Република Македонија, во неколку лични досиеја водени за други лица постојат документи од кои се утврди дека вршејќи ја својата функција наредил или одобрил дејствување со кое се кршени или ограничувани основните слободи и права на граѓаните.

Од увидот во Државниот архив на Република Македонија се утврди дека за лицето Јован Трпеновски постојат следниве документи: Во личното досие бр.03169 водено за [redacted] постојат слените документи лично досие бр.03169 од 17.05.1985 година сосатвена од две страни; Прашалник за лично досие бр.3160 од 15.06.1977 година од една страна и Решение со кое се одобрува примена на мерката тајна контрола на телефонските разговори бр. 12 од 13.03.1990 година од една страна; Во личното досие водено за [redacted] постојат следните документи, лично досие бр. 26325 од 31.10.1990 година од една страна и решение за определување мерка тајна контрола на телефон и други телекомуникациски средства бр.100 од 30.10.1990 година од една страна; Исто така се утврди дека остојат и следните документи за лицето [redacted] Решение за заведување на оперативна обработка на лицето [redacted] ев. бр. 45 од 07.01.1991 година од една страна и решение со кое се определува преземање на мерката тајна контрола на телефонските разговори во меѓународниот телефонски сообраќај за истото лице бр.50 од 17.05.1990 година од една страна; Во личното досие водено за лицето [redacted] постојат следните документи, прашалник за ревизија на лично досие бр.12974 од 17.01.1968 година за лицето за непријателса усмена пропаганда од една страна и обвинителен акт против [redacted] КТ бр.32/79 од 26.03.1979 година од пет страни; Барање за спроведување на истрага и предлог за определување на притвор КТ.бр.199/78 од 08.12.1978 година за лицето [redacted] од шест страни; Во личното досие водено за лицето [redacted] постојат следните документи,лично досие бр.02075 од една страна и Решение Г.Т. бр.10/74 од 30.08.1974 година со кое привремено се забранува растурање на списанието "Современост" и со кое се задолжува Секретаријатот за внатрешни работи Скопје да ги заплени сите примероци од списанието "Современост" од две страни.

Од увидот во горенаведените документи се увиде дека по предлог на републичкиот секретар Јован Трпеновски бил заведен лицето [redacted] на линија на албански национализам, шовинизам,сепаратизам и хегемонизам. Јован Трпеновски исто така

одобрил да се применува мерката тајна контрола на телефонските разговори на телефонски број чиј корисник бил [redacted] заради тоа што бил поврзан со разни националистички елементи, судени, емигранти и повратници од битолско и Преспа како и покренал иницијатива за формирање на албанска гимназија во Битола. Исто така тој наредил и одобрил да се заведе во оперативна обработка и лицето [redacted] и одобрил да се определи мерката Тајна контрола на телефон и другите телекомуникациски средства на претплатнички број чиј сопственик бил [redacted] поради тоа што постоеле основи на сомневање на неговото непријателска активност насочена кон насилна промена или загрозување на поредокот утврден со Уставот на СФРЈ.

Републичкиот секретар одобрил да се заведе во оперативна обработка лицето [redacted] поради тоа што постоел основ за активна систематска и организирана непријателска активност,врз која основа и добрил да се воведе мерката тајна контрола на телефонските разговори во меѓународниот телефонски сообраќај на телефонскиот број чиј сопственик бил [redacted]. За лицето [redacted] дал наредба да биде следен а исто така со обвинителен акт предложил обвинетиот [redacted] да биде приведен од истражен затвор Скопје, затоа што систематски вршел непријателска пропаганда, повикувајќи на противуставно уредување на СРФЈ на разбивање на братството и единството и рамноправноста на југословенските народи и народности. Јован Трпеновски како окружен јавен обвинител до Истражен судија при Окружен суд Скопје доставил барање за спроведување на истрага и предлог за определување на притвор со образложение дека обвинетиот [redacted] илегално ја напуштил границата на Југославија со цел и намера да се бави со непријателска дејност усмерено кон соборување на власта на работниот народ и непријателски дејствувања кон Југославија. Во документите водени за лицето [redacted] за се гледа дека ова лице бил заведен на линија на Македонски национализам и шовинизам поради тоа што печател творби во списанието “Современост” а за кого и како Окружен јавен обвинител одобрил привремено да се забранува растурање на списанието за литература, уметност и општествени прашања “Современост” печатено во 1300 примероци во 1974 година во Графички завод “Гоце Делчев” бидејќи во списанието публикована е песната “Без наслов” од [redacted], која по својата содржина претставувала повик на националистички страсти и политички пампфлет што истовремено значи и напад на самоуправната социјалистичка Југославија, како и го задолжил Секретаријатот за внатрешни работи Скопје да ги заплени

сите примероци од списанието "Современост", како и другите материјали кои се наоѓале во редакцијата.

Сите овие документи Комисијата за верификација на фактите смета дека се релевантни, па затоа, соглано член 14, член 18 став 6 и член 31 од Законот за определување на услов за ограничување за вршење на јавна функција, пристап на документи и објавување на соработката со органите на државната безбедност И врз основа на член 212 став 2 од Законот за општата управна постапка утврди дека Јован Трпеновски бил наредбодател во смисла на овој закон и дека го исполнува условот за ограничување за вршење јавна функција или јавно овластување во периодот на примената на овој закон.

Комисија за верификација на фактите,
Претседател,
Томе Аџиев

**ПОУКА**: Се упатува лицето во рок од 8 дена од денот на доставувањето на решението, пред надлежен суд да покрене постапка, заснована на начелата на приоритет и итност.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот на изјавата да ја извести Комисијата.

**ДНА**: Да се достави на лицето Јован Трпеновски, Собрание на РМ, Влада на РМ и ДИК.